# Анализа
# ГОДИШНА ДАНОЧНА ПРИЈАВА - НАЈВИСОКИ ПРИХОДИ ВО 2018

Скопје, 26.02.2020, бр.08-1656/2



Од 1 јануари 2018 година, се воведе нова процедура за пријавување и пресметување на персоналниот данок на доход со поднесување на Електронска пресметка за приход и данок (е-ППД) до Управата за јавни приходи, преку системот е-Персонален данок e-pdd.ujp.gov.mk

Врз основа на податоците за исплатените приходи од страна на исплатувачите и за приходите кои граѓаните ги оствариле од други физички лица и од странство, како и за приходите од вршење дејност кои се оданочуваат според вистински доход и паушално и за исплатената плата во текот на 2018 година, Управата за јавни приходи изготви пополнета Годишна даночна пријава, за 795.953 граѓани, со пријавени 309.058.476.787 денари годишни бруто – приходи и 18.460.162.575 денари персонален данок.

| Доставени ГДП 2018 | 795.953 |
|---|---|
| **Утврден бруто-приход во доставено ГДП** | **309.058.476.787** |
| Утврден персонален данок во доставени ГДП | 18.460.162.575 |
| За доплата персонален данок | 236.145.955 |
| **Автоматски потврдени ГДП** | **480.085** |
| Вкупно бруто приходи по автоматски потврдени ГДП | 187.031.338.140 |
| Вкупно персонален данок | 10.537.680.674 |
| За доплата персонален данок | 154.125.583 |
| **Вкупно потврдени ГДП од обврзници** | **139.961** |
| Вкупно бруто приходи по потврдени ГДП | 84.044.908.847 |
| Вкупно персонален данок по потврдени ГДП | 5.579.822.105 |
| За доплата персонален данок по потврдени ГДП | 26.561.314 |
| **Вкупно коригирани ГДП** | **6.454** |
| Вкупно бруто приходи по коригирани ГДП | 7.159.303.804 |
| Вкупно персонален данок по коригирани ГДП | 544.769.716 |
| За доплата персонален данок по коригирани ГДП | 22.168.276 |

Најголем број Годишни даночни пријави се изготвени и доставени за подрачјето на Регионалната дирекција Скопје, односно

- 270.318 годишни даночни пријави во РД Скопје
- 136.833 годишни даночни пријави во во РД Штип
- 112.720 годишни даночни пријави во РД Прилеп
- 107.182 годишни даночни пријави во РД Битола
- 89.532 годишни даночни пријави во РД Тетово и
- 79.368 годишни даночни пријави во РД Струмица.

Граѓаните преку своите кориснички профили имаа можност пополнетата Годишна даночна пријава да ја потврдат или да ја коригираат. По истекот на законскиот рок за потврдување/коригирање на Годишната даночна пријава, службено беа потврдени Годишните даночни пријави, кои од страна на граѓанинот не беа ниту потврдени, ниту коригирани.
Во 2018 година, најголемиот број на Годишни даночни пријави добија статус на Автоматски потврдени од страна на УЈП, односно 480.091 ГДП службено беа потврдени, со утврден вкупен годишен бруто-приход од 187.046.354.390 денари и вкупен износ на персонален данок на доход од 10.539.193.620 денари. Граѓаните потврдија 139.968 ГДП со 84.102.595.428 денари утврден вкупен годишен бруто-приход и вкупен износ на персонален данок на доход од 5.585.551.224 денари.

Коригираните ГДП за 2018 година, беа во најмал број, односно 6.456 ГДП со 7.159.841.866 денари утврден вкупен годишен бруто-приход и вкупен износ на персонален данок на доход од 544.871.726 денари.

За 33.601 граѓани утврдени се бруто-приходи над 1 милион денари, додека најголемиот број на граѓани (624.009) оствариле бруто-приходи кои се движат од 100 илјади до 1 милион денари.

| Прагови на остварени приходи | Број на даночни обврзници | Вкупен бруто приход |
|---|---|---|
| Над 100. 000.000 денари | 31 | 6.220.382.272 |
| од 10 000 001 - 100 000 000 денари | 824 | 18.206.411.302 |
| од 1 000 001 - 10 000 000 денари | 32.838 | 60.744.035.426 |
| од 100 001 - 1 000 000 денари | 624.211 | 219.133.016.427 |
| од 10 001 - 100 000 денари | 96.165 | 4.588.790.981 |
| до 10 000 денари | 41.884 | 165.840.380 |
| **Вкупно** | **795.953** | **309.058.476.788** |

## Скопјанка на врвот на листата на највисок годишен приход за 2018

Првото место на највисок годишен бруто - приход во Република Северна Македонија и припадна на граѓанка на Скопје, која пријавила 1.056.992.055 денари годишен бруто - приход. Граѓанин од Скопје е втор на листата со остварен годишен бруто- приход од 453.517.731 денари.
На листата со највисоки приходи пријавени од страна на исплатувачи, вршители на дејност и физички лица за 2018 година, освен Скопјани, има и граѓани од Гевгелија со остварен бруто- приход од 300.680.561 денари, Струмица со остварен бруто- приход од 250.741.672 денари и Тетово со остварен бруто- приход од 225.127.682 денари.

| Рангирање | Град | Вкупно бруто приходи |
|---|---|---|
| 1 | СКОПЈЕ | 1.056.992.055 |
| 2 | СКОПЈЕ | 453.517.731 |
| 3 | СКОПЈЕ | 415.990.052 |
| 4 | ГЕВГЕЛИЈА | 300.680.561 |
| 5 | СКОПЈЕ | 291.020.696 |
| 6 | СТРУМИЦА | 250.741.672 |
| 7 | ТЕТОВО | 225.127.682 |
| 8 | СКОПЈЕ | 222.754.638 |
| 9 | СКОПЈЕ | 200.663.485 |
| 10 | СКОПЈЕ | 193.905.297 |

## Здравство, трговија со тутунски производи и информатички технологии со највисоки плати

| Рангирање | Град | Годишна бруто плата од работен однос | Град | Други лични примања |
|---|---|---|---|---|
| 1 | СКОПЈЕ | 183.806.532 | СКОПЈЕ | 119.268.921 |
| 2 | СКОПЈЕ | 170.982.256 | КУМАНОВО | 52.552.037 |
| 3 | СКОПЈЕ | 138.722.972 | СКОПЈЕ | 46.365.223 |
| 4 | СКОПЈЕ | 102.864.850 | СКОПЈЕ | 40.077.969 |
| 5 | СТРУГА | 96.452.659 | СКОПЈЕ | 39.797.358 |
| 6 | СКОПЈЕ | 69.182.582 | СКОПЈЕ | 32.681.267 |
| 7 | СКОПЈЕ | 62.004.237 | ШТИП | 30.274.861 |
| 8 | СКОПЈЕ | 61.125.818 | ГЕВГЕЛИЈА | 28.822.825 |
| 9 | ОХРИД | 56.033.784 | СКОПЈЕ | 28.606.135 |
| 10 | СКОПЈЕ | 55.049.256 | СКОПЈЕ | 27.087.335 |

Највисоката годишна бруто плата во 2018 година исплатена е во секторот здравство и изнесува 183,806,532 денари. На листата на највисоко рангирани бруто плати се најдоа и платите исплатени во секторот трговија со тутун и тутунски производи, компјутерско програмирање, производство на метални производи, аптеки и изградба на станбени и нестанбени објекти.

Највисокото лично примање по друг основ изнесува 119.268.921 денари на годишно ниво.

## 2018 година е година на капиталот

Остварен е највисок износ на капитална добивка во последните 10 години, односно од лице од Скопје пријавена е капитална добивка во бруто износ од 841.164.000 денари.

Заработка од 407.262.693 денари пријавил граѓанин од Скопје по основ на дивиденди и други приходи од учество во добивката.

| Рангирање | Град | Дивиденди и други приходи од учество во добивката | Град | Капитална добивка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | СКОПЈЕ | 407.262.693 | СКОПЈЕ | 841.164.000 |
| 2 | СКОПЈЕ | 402.579.890 | СКОПЈЕ | 253.074.148 |
| 3 | ГЕВГЕЛИЈА | 299.417.846 | ТЕТОВО | 110.691.200 |
| 4 | СТРУМИЦА | 249.699.712 | СКОПЈЕ | 104.752.500 |
| 5 | ТЕТОВО | 223.727.427 | СКОПЈЕ | 45.317.280 |
| 6 | СКОПЈЕ | 219.603.921 | СКОПЈЕ | 37.790.540 |
| 7 | СКОПЈЕ | 189.755.289 | СТРУМИЦА | 37.699.057 |
| 8 | ВЕЛЕС | 166.382.180 | СКОПЈЕ | 24.923.714 |
| 9 | СКОПЈЕ | 130.327.176 | СТРУМИЦА | 20.626.144 |
| 10 | СКОПЈЕ | 128.045.004 | СКОПЈЕ | 19.470.833 |

## Доминација на Скопјани на листата на највисоки приходи од самостојното вршење на дејност

Самостојното вршење на дејност во 2018 најпрофитно за Скопјани, кои доминираат на листата со приходи по овој основ, од кој највисокиот изнесува 46.024.172 денари. Во 10-те топ рангирани на листата се наоѓаат адвокати, нотари, извршители и угостители.

Земјоделието најисплатливо во Југоисточниот регион, каде граѓанин од Гевгелија остварил приход од продажба на сопствени земјоделски производи во износ од 25.319.395 денари, а Валандовчанец остварил 19.744.161 денари приходи по овој основ.

| Рангирање | Град | Приходи од самостојно вршење на дејност | Град | Приходи од продажба на земјоделски производит |
|---|---|---|---|---|
| 1 | СКОПЈЕ | 46.024.172 | ГЕВГЕЛИЈА | 25.319.395 |
| 2 | СКОПЈЕ | 32.148.652 | ВАЛАНДОВО | 19.744.161 |
| 3 | СКОПЈЕ | 26.130.635 | СКОПЈЕ | 18.619.833 |
| 4 | СКОПЈЕ | 22.470.578 | СКОПЈЕ | 9.575.050 |
| 5 | СКОПЈЕ | 21.257.181 | ТЕТОВО | 7.792.375 |
| 6 | СКОПЈЕ | 17.644.617 | СКОПЈЕ | 7.674.750 |
| 7 | СКОПЈЕ | 16.018.638 | КОЧАНИ | 7.244.190 |
| 8 | СКОПЈЕ | 14.141.690 | СКОПЈЕ | 6.534.490 |
| 9 | СКОПЈЕ | 13.827.351 | КОЧАНИ | 6.479.567 |
| 10 | СКОПЈЕ | 13.146.268 | СКОПЈЕ | 5.944.490 |

## Имотни права & авторски права

Во 2018 година прворангираниот според вкупно остварени бруто приходи од имот и имотни права е обврзник од Тетово, кој пријавил 84.039.667 милиони денари.

Прворангиран според остварени вкупно бруто приходи од авторски права/индустриска сопственост е обврзник од Скопје, со 22.612.966 денари.

| Рангирање | Град | Имот и имотни права | Град | Приходи од авторски права и права на индустриска сопственост |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ТЕТОВО | 84.039.667 | СКОПЈЕ | 22.612.966 |
| 2 | СКОПЈЕ | 64.516.128 | ШТИП | 22.360.702 |
| 3 | КУМАНОВО | 38.918.841 | СКОПЈЕ | 14.669.001 |
| 4 | СКОПЈЕ | 38.309.999 | СКОПЈЕ | 13.541.710 |
| 5 | СКОПЈЕ | 24.981.306 | СКОПЈЕ | 10.566.000 |
| 6 | СКОПЈЕ | 20.033.380 | СКОПЈЕ | 9.269.205 |
| 7 | СКОПЈЕ | 19.012.851 | СКОПЈЕ | 8.567.695 |
| 8 | СКОПЈЕ | 18.735.722 | СКОПЈЕ | 8.323.208 |
| 9 | СКОПЈЕ | 18.424.891 | СКОПЈЕ | 7.575.841 |
| 10 | СКОПЈЕ | 16.592.000 | СТРУМИЦА | 6.582.549 |

## Жител на Скопје е срећниот добитник во 2018

Највисоката добивка од лото, обложување, казино и учество во наградни игри, односно пријавен вкупен бруто приход од игри на среќа е жител на Скопје кој само по овој основ остварил 53.611.197 денари.

| Рангирање | Град | Игри на среќа |
|---|---|---|
| 1 | СКОПЈЕ | 53.611.197 |
| 2 | СТРУМИЦА | 47.238.021 |
| 3 | ПРИЛЕП | 34.672.942 |
| 4 | СКОПЈЕ | 33.334.171 |
| 5 | СКОПЈЕ | 27.917.276 |
| 6 | СТРУМИЦА | 27.909.579 |
| 7 | СКОПЈЕ | 18.944.860 |
| 8 | СКОПЈЕ | 18.839.160 |
| 9 | ОХРИД | 18.598.704 |
| 10 | СКОПЈЕ | 18.114.344 |

## Скопските пензионери најдобро заработуваат

Прво-рангираниот пензионер од Скопје пријавил 5.738.783 денари вкупен годишен бруто приход по основ на пензија остварена во странство.

Највисок годишен бруто приход по основ на пензиски надоместок за доброволно пензиско осигурување пријавен е во Скопје во износ од 2.798.737 денари.

| Рангирање | Град | Пензија |
|---|---|---|
| 1 | СКОПЈЕ | 5.738.783 |
| 2 | СКОПЈЕ | 2.798.737 |
| 3 | СТРУМИЦА | 1.608.610 |
| 4 | ВЕЛЕС | 1.419.189 |
| 5 | СКОПЈЕ | 1.397.199 |
| 6 | СКОПЈЕ | 1.266.202 |
| 7 | СКОПЈЕ | 1.170.964 |
| 8 | СКОПЈЕ | 1.050.079 |
| 9 | СКОПЈЕ | 909.148 |
| 10 | СКОПЈЕ | 801.936 |

## „Годините се само бројка“

Високи приходи има и кај највозрасните и најмладите лица.
**Највозрасното лице** кое остварило над 1.000.000 денари приход има 99 години, додека во групата над 10.000.000 денари највозрасниот има 93 години.

Лице кое се родило во 2018 година, остварило доход од дивиденда над 1.000.000 денари , додека во групата над 10.000.000 денари, **најмладиот** има 21 години.